# МАПИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 НА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА ЖЕНИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО



UN WOMEN

Мапирањето е спроведено  во рамки на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Шведска
Sverige

UN WOMEN

# МАПИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 НА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА НА ЖЕНИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

Скопје, мај 2020

# СОДРЖИНА

**ПОГЛАВЈЕ 1 | Вовед**......3

Методологија......8

Ограничувања на студијата за мапирање......10

**ПОГЛАВЈЕ 2 | Како КОВИД-19 влијае на мене и на мојата општина**......11

Влијание на епидемијата на КОВИД -19 на работата на координаторите/ките за еднакви можности......11

Вклученост на родовата перспектива во одговорот на општините на КОВИД-19......12

Буџет за одговор на вонредната состојба предизвикана од КОВИД -19......15

Улогата на координаторите/ките за еднакви можности во подготовката на мерките за справување со КОВИД-19......16

**ПОГЛАВЈЕ 3 | Како КОВИД-19 влијае врз жените и мажите на локално ниво**......18

Влијанието на КОВИД-19 врз социо-економскиот статус на жените и мажите - од перспектива на локалните механизми за родова еднаквост......18

Влијанието на вирусот врз ранливите групи од перспектива на локалните механизми за родова еднаквост......23

Мерки за справување со КОВИД-19 и нивното влијание врз жените и мажите......24

Информирање на граѓаните за КОВИД-19......27

**ПОГЛАВЈЕ 4 | Кои се идните потреби на мојата општина за справување со КОВИД-19**......29

Потреби на општините за закрепнување по КОВИД-19......31

Целни групи кон кои треба да бидат насочени идните интервенции......33

**ПОГЛАВЈЕ 5 | Заклучоци и препораки за закрепнување по вонредната состојба**......35

Препораки......38

# ПОГЛАВЈЕ 1 – ВОВЕД

Пандемијата на КОВИД-19 се смета за најголемата глобална здравствена криза на векот, која предизвикува сериозни нарушувања во глобалната економија. Северна Македонија, како и сите земји, презема сериозни чекори за сузбивање на пренесувањето на вирусот, како и за ублажување на степенот на влијанието на вирусот врз здравствениот, социјалниот и економскиот систем на земјата. Според Меѓународната организација на трудот-МОТ (2020) [1], кризата може да доведе до банкротирање и затворање на микро и мали претпријатија, губење на работни места и приходи, што сериозно влијае на егзистенцијата на домаќинствата и на поединците низ целиот свет. Покрај тоа, според ООН (2020)[2], „во сите сфери, од здравството до економијата, безбедноста до социјалната заштита, влијанијата на КОВИД-19 се поголеми кај жените и девојчињата".

Првите заразени случаи во Северна Македонија беа регистрирани во февруари 2020 година. Поради брзото зголемување на бројот на потврдените случаи, Северна Македонија прогласи вонредна состојба на територијата на целата земја и спроведе бројни мерки на задржување и ограничување за да се намали ширењето на КОВИД-19. До 30 мај, земјата имаше пријавено 2 226 потврдени случаи на КОВИД-19 и 133 смртни случаи. Од вкупниот број на потврдени случаи, 1 144 се жени, додека 1 082 се мажи. Иако инциденцата на инфекција со вирусот е поголема кај жените, кај мажите има поголем број на смртни случаи. Од 133 пријавени смртни случаи како резултат на КОВИД-19, 91 маж го загуби животот во споредба со 42 жени[3].

Во Табела 1 подолу е покажано дека Ресен е единствениот град што не бил погоден од КОВИД-19. Најголема кумулативна инциденца е забележана во Куманово, а потоа следуваат Прилеп, Велес, Дебар, Штип и Скопје.

[1] Документ за политики на МОТ: Рамка на политики за справување со економското и социјалното влијание на кризата предизвикана од КОВИД-19, https://bit.ly/3hwUMZq

[2] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), Влијанието на КОВИД-19 врз жените, април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

[3] Институт за јавно здравје (веб-страница), Дневен извештај за пандемијата на КОВИД-19, објавен на 30.05.2002 година

**Табела 1: Кумулативна дистрибуција на случаи на КОВИД-19 по град, статус 30.05.2002 година**

| Градови | Вкупно | Инциденца /100 000 | Смртни случаи (вкупно) | Морталитет |
|---|---|---|---|---|
| | **2.226** | **107,1** | **133** | **6,4** |
| **Скопје** | 841 | 136,2 | 34 | 5,5 |
| **Куманово** | 455 | 318,9 | 21 | 14,7 |
| **Прилеп** | 211 | 221,4 | 14 | 14,7 |
| **Тетово** | 210 | 105,1 | 20 | 10,0 |
| **Велес** | 130 | 196,2 | 10 | 15,1 |
| **Струга** | 84 | 123,8 | 18 | 26,5 |
| **Штип** | 76 | 144,3 | 2 | 3,8 |
| **Дебар** | 51 | 183,8 | 4 | 14,4 |
| **Кочани** | 33 | 68,8 | 2 | 4,2 |
| **Битола** | 28 | 27,5 | 2 | 2,0 |
| **Гостивар** | 26 | 21,7 | 3 | 2,5 |
| **Охрид** | 23 | 41,0 | 0 | 0,0 |
| **Неготино*** | 12 | 51,1 | 0 | 0,0 |
| **Крива Паланка** | 6 | 25,1 | 0 | 0,0 |
| **Кавадарци** | 5 | 11,6 | 1 | 2,3 |
| **Радовиш** | 4 | 12,3 | 0 | 0,0 |
| **Гевгелија** | 4 | 11,6 | 0 | 0,0 |
| **Пехчево** | 3 | 60,1 | 0 | 0,0 |
| **Крушево** | 3 | 31,5 | 1 | 10,5 |
| **Виница** | 3 | 15,4 | 0 | 0,0 |
| **Кичево** | 3 | 5,2 | 0 | 0,0 |
| **Струмица** | 3 | 3,2 | 0 | 0,0 |
| **Кратово** | 2 | 20,9 | 0 | 0,0 |
| **Македонски Брод** | 2 | 17,9 | 0 | 0,0 |
| **Валандово** | 2 | 16,9 | 0 | 0,0 |
| **Пробиштип** | 2 | 13,1 | 0 | 0,0 |
| **Демир Хисар** | 1 | 11,9 | 0 | 0,0 |
| **Берово** | 1 | 7,7 | 0 | 0,0 |
| **Свети Николе** | 1 | 4,9 | 0 | 0,0 |
| **Делчево** | 1 | 4,2 | 1 | 4,2 |

**Жените се поизложени на вирусот. Медицинските сестри, негувателките и хигиеничарите се главните професии кои се во првата линија на одговорот на КОВИД-19.** Поголемиот дел од нив имаат ниско платени работни места. Од вкупно 21 200 лица медицински персонал, 15 355 се жени (или 72,33%)[4]. **Трудо-интензивната и ниско платената работа во здравствениот сектор најдобро се илустрира со фактот дека една медицинска сестра треба да работи 17 дена во ноќна смена и 4 дена во дневна смена за да оствари иста плата како просечен вработен во јавниот сектор кој работи 21 ден во месецот од 9 до 17 часот[5].** Освен медицинскиот персонал, исто така и продавачите/ките, хигиеничарите/ките, текстилните работници/чки, фармацевтите/ките работат денонoќно во супермаркетите, јавниот сектор, аптеките и другите услужни дејности, при што го ризикуваат сопственото здравје бидејќи се несразмерно изложени на потенцијално заразено население.

**Кризата предизвикана од КОВИД-19 различно влијае на жените и мажите.** Комбинираните економски влијанија се чувствуваат особено кај жените и девојчињата кои генерално заработуваат помалку, заштедуваат помалку и имаат несигурни работни места или живеат на граница на сиромаштија.[6] Најновите податоци укажуваат на огромно зголемување на стапката на невработеност почнувајќи од февруари 2020 година, особено за младите жени.[7] Ова укажува на значењето на секторите за здравство и грижа, притоа имајќи ја предвид и платената и неплатената грижа, како и специфичните улоги и ризици на жените за време на кризата. Еден од овие ризици е семејното насилство, затоа што многу жени се принудени да бидат во „карантин" дома заедно со лицата кои ги злоупотребуваат, а во исто време услугите за поддршка на жртвите се прекинати или недостапни.[8]

Како што стои во документот за јавни политики на генералниот секретар на Обединетите нации за влијанието на КОВИД-19 врз жените, пандемијата ги продлабочува претходно постојните нееднаквости и ги изложува слабостите во социјалните, политичките и економските системи што го засилуваат нејзиното влијание.[9]

[4] Центар за истражување и креирање политики (веб-страница), Инфографик, Колку се платени македонските медицински сестри?, мај 2020, https://cutt.ly/7yvY7bJ

[5] Ibid

[6] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), *Влијанието на КОВИД-19 врз жените*, април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

[7] Меѓународна организација на трудот (веб-страница), *МОТ Монитор: КОВИД-19 и светот на работата. Четврто издание Ажурирани проценки и анализи,* мај 2020, https://cutt.ly/Zy1dZQD

[8] Ibid

[9] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), *Влијанието на КОВИД-19 врз жените*, април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

Од почетокот на епидемијата на КОВИД-19, Владата на Северна Македонија воведе мерки за превенција и заштита од КОВИД-19 меѓу кои и следниве:

- Затворање на училиштата и градинките од 10 март;
- Вонредна состојба е прогласена на 18 март која овозможи наметнување на полициски час на територијата на целата земја со цел да се намали ширењето на КОВИД-19 со ограничување на движењето на лица над 67 години и лица помлади од 18 години, со исклучок на лицата кои имаат потреба од итна медицинска помош и неопходните занимања како полицијата, вооружените сили, здравствените работници и производителите кои директно извршуваат земјоделска работа;
- Одржување на социјално растојание од два метри во јавност и носење заштитна прекривка на лицето на затворени јавни места, вклучувајќи пазари, продавници, банки, пошти, здравствени установи и јавен превоз, како и на отворени места, каде што е забрането групирање на повеќе од две лица;
- Намалено работно време, ограничување на пристапот до или затворање на приватни компании, вклучувајќи хотели, продавници, трговски центри, културни институции и други комерцијални дејности.

Официјалните податоци покажуваат дека во периодот март - април 2020 година околу 8 160 луѓе во земјата ги загубија своите работни места. Повеќето од нив беа вработени во производствениот сектор, секторот на малопродажба, туризам и прехранбената индустрија.[10] Мерките за обезбедување на физичко растојание за да се избегне ширењето на КОВИД-19 доведоа до затворање на индустрии, јавни места и настани, намалување на јавниот превоз и меѓународниот воздушен сообраќај, при што сите лица се испраќаа дома, а заразените лица се држеа затворени во карантин. Затоа, за да одговори на социо-економското влијание на пандемијата на КОВИД-19 на граѓаните, Владата воведе низа економски мерки, кои спаѓаат во следниве категории: даночни одложувања и намалувања, финансиска помош за компаниите и заштита на ликвидноста, заштита на животниот стандард, ликвидност на државниот буџет, социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата[11].

[10] Статија во Фокус (веб-страница), *Агенција за вработување, од 11 март до 30 април нови 8160 невработени*, мај 2020, https://cutt.ly/Ny1ft99

[11] https://koronavirus.gov.mk/merki/ekonomski-merki

**Економијата на неплатена грижа стана фактор на амортизација на кризата и повторно најголемиот товар падна на жените.** Работата се состои од грижа за децата и за болните членови на семејството, помош на возрасните лица или членовите на семејството со попреченост, грижа за домот (купување, чистење, готвење, перење на облеката и сл.) и обезбедување на долгорочна неплатена поддршка за пријатели, соседи и други познаници кои имаат попреченост или страдаат од хронични заболувања. По затворањето на училиштата и градинките преовладува претпоставката дека *„грижата за децата и грижата за* возрасните лица може да ја „апсорбираат" претежно жените, кои на тој начин ефективно обезбедуваат огромни непарични субвенции на платената економија. Оваа пандемија треба да нé потсети на вистинскиот размер на оваа дисторзија ".[12]

Општините исто така организираа одговор на пандемијата на локално ниво. Локалните власти не само што се во првите редови на пандемијата на КОВИД-19, туку, исто така, најверојатно и ќе го почувствуваат нејзиното долготрајно влијание врз квалитетот на животот. Така, финансиското влијание на епидемијата на КОВИД-19 врз општините се очекува да биде долгорочно и значително. Јасно е дека општините ќе се соочат со зголемено трошење на средства и намалени приходи (поради затворање на фирми, забавена наплата на даноци и сл.).

Покрај тоа, за поголемиот дел од општините еден дополнителен проблем ќе биде отсуството на дознаки од дијаспората, кои во изминатите години претставуваа важен извор на приходи и служеа како мрежа за финансиска безбедност на локалните заедници. Според Светска банка, се предвидува дека дознаките од странство ќе се намалуваат бидејќи работниците од дијаспората ги губат работните места во земјите каде што работат или пак имаат намалени приходи.[13]

Оваа студија за мапирање се фокусира на влијанието на КОВИД-19 врз социо-економската состојба на жените и мажите на локално ниво. Во неа се утврдени интервенциите за брз одговор на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за справување со КОВИД-19, родовото влијание на овој одговор, како и што е она што општините би можеле да го направат во периодот на закрепнување.

[12] Напис на *Атлантик* (веб-страница), Коронавирусот е катастрофа за феминизмот, март 2020 година, https://cutt.ly/ny1fkuc

[13] Северна Македонија влегува во рецесија додека земјата се бори со КОВИД-19, соопштение за печатот, Светска банка, https://bit.ly/3hox9lQ

**Мапа 1: Кумулативна инциденца на КОВИД-19 по општина**




*Извор 1: Институт за јавно здравје, 30 мај 2020*

## Методологија

Студијата за мапирање е спроведена од страна на *UN Women* во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија" (2018-2022). Главната цел на проектот е да се воведе родовиот концепт во процесите на управување со јавните финансии и стратешкото планирање на централно и локално ниво преку систематска интеграција на родово одговорното буџетирање (РОБ). Проектот обезбедува континуирано зајакнување на капацитетите и менторска поддршка на 21 ЕЛС за примена на РОБ како алатка за креирање политики и буџетирање на локално ниво.

Во оваа студија за мапирање се дава преглед на состојбата во 20 ЕЛС, кои претставуваат една четвртина од општините во земјата. Студијата се фокусира на утврдување на улогата на координаторите/ките за еднакви можности

(координатори/ки) во процесот на справување со кризата, родовото влијание на КОВИД-19 врз животот и економијата во целните општини, како и на утврдување на можните интервенции за поддршка на општините во затворањето на родовите јазови за време на вонредната состојба и по неа. Студијата ги одразува мислењата на координаторите/ките во дваесетте општини.

Примарното истражување беше спроведено во април 2020 година. Користениот метод вклучуваше квантитативна анализа, а како инструмент за прибирање на податоци се користеше прашалник во кој беа дадени три групи на прашања: (i) мапирање на социо-економското влијание на кризата на општините, со фокус на определување на групите со најголем ризик; (ii) определување на непосредните активности преземени од страна на општините за справување со кризата; и (iii) проценка на можните последици и идните потреби на општините.

На прашалникот за мапирање одговорија 26 испитаници/чки од следниве општини: Аеродром, Битола, Богданци, Боговиње, Центар, Град Скопје, Гази Баба, Гостивар, Кисела Вода, Куманово, Маврово и Ростуше, Новаци, Охрид, Штип, Струмица, Тетово, Велес, Свети Николе, Кочани и Крива Паланка.

Испитаниците/чките се координатори/ки за еднакви можности во дваесет и едната општина опфатени со проектот и неколку советници од локалните комисии за еднакви можности. Овие две категории ја претставуваат машинеријата за родова еднаквост на локално ниво. Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 14, став 6[14] Комисијата за еднакви можности дава мислење и учествува во подготовката на политики, програми и буџети и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности во работата на општината, а исто така е одговорна и за следење на спроведувањето, како и постигнатите резултати во унапредувањето на родовата еднаквост на локално ниво. Во истиот член 14, во став 7 им се дава право на координаторите/ките за еднакви можности да даваат предлози и мислења за унапредување на родовата еднаквост во општината. Имајќи ги предвид нејзините овластувања, родовата машинерија може да има важна улога во вклучувањето на родовата перспектива во одговорот на КОВИД-19 на локално ниво, за време на кризата, а особено во периодот по закрепнувањето. За анализата, од исклучително значење е да се процени учеството на координаторот/ката во подготовката на општинските интервенции за справување со КОВИД-19, односно, да се процени дали обврските на локалните власти за родова еднаквост се земени предвид во одговорот на КОВИД-19.

[14] Министерство за труд и социјална политика (веб-страница), *Закон за еднакви можности на жените и мажите*, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ZEM%205%2009%202011%20L.pdf

## Ограничувања на студијата за мапирање

Важно е да се спомене дека мапирањето се соочува со неколку ограничувања што треба да се земат предвид. Прво, студијата за мапирање е осмислена со цел да се процени состојбата на локално ниво од гледна точка на координаторите/ките за еднакви можности и општинските советници. Второ, студијата за мапирање беше спроведена на мал примерок, во кој вкупно 26 испитаници/чки од 20 општини одговорија на прашалникот, од кои 4 испитаници/чки беа општински советници. На крај, при анализата на истражувањето беа откриени случаи на несовпаѓање на одговорите на координаторите/ките за еднакви можности и советниците од иста општина. Ова може да се должи на недоволна размена на информации во општината или пак на фактот дека советниците се занимаваат со носење на одлуки и оттаму тие се поинформирани за интервенциите, додека координаторите/ките се помалку информирани како резултат на скратеното работно време или отсуството од работа. И покрај овие недоследности, студијата за мапирање дава преглед на социо-економското влијание на КОВИД-19 врз жените во целните општини и претставува добра основа за осмислување на родово одговорни интервенции за поддршка на општините за време на вонредната состојба и по неа.

# ПОГЛАВЈЕ 2 – КАКО КОВИД-19 ВЛИЈАЕ НА МЕНЕ И НА МОЈАТА ОПШТИНА

## Влијание на епидемијата на КОВИД -19 на работата на координаторите/ките за еднакви можности

Поради тековната пандемија на КОВИД-19, многу организации и институции мораа брзо да го прилагодат својот начин на работа. Очигледно е дека пандемијата ги принуди да се потпрат на дигитализацијата и да се прилагодат на новиот начин на работа од далечина.

Од истражувањето може да се види дека поголемиот дел од испитаниците/чките (14 од 26) работат со скратено работно време и во смени, 6 испитаници/чки не одат на работа заради хронично заболување или грижа за деца помлади од 10 години, 4 работат со полно работно време во канцеларија, додека 3 работат од далечина од дома без нивно физичко присуство во канцелариите на општината (Графикон 1). Ова укажува на различните пристапи на општините при организирањето на нивната секојдневна работа за време на кризата. Исто така, покажува дека „вообичаениот начин на работа" се применува во помалку од 30% од општините во примерокот.

Очигледно е дека во 6 општини локалната родова машинерија работи со ограничени капацитети, како резултат на ситуацијата. Во овие места постои поголем ризик дека општинските интервенции како одговор на КОВИД-19 нема да бидат родово одговорни, имајќи го предвид фактот дека од координаторите/ките се очекува да бидат движечката сила за вклучување на родовите аспекти во процесите на креирање политики и буџетирање.

**Графикон 1**




## Вклученост на родовата перспектива во одговорот на општините на КОВИД-19

Како што споменавме претходно, анализата настојува да ги утврди интервенциите за брз одговор на ЕЛС за справување со КОВИД-19. Очигледно е дека сите општини преземаат активности за дезинфекција на јавните места. 16 испитаници/чки истакнаа дека нивната општина донирала маски и ракавици на локалните болници, додека 15 испитаници/чки истакнаа дека им е дадена поддршка на семејствата кои имаат потреба. Само 9 општини покренале он лајн активности за деца, 15 организирале мобилни тимови за домашни посети на возрасни лица, а 13 организирале мобилни тимови за домашни посети на лица со попреченост. Важно е да се потенцира дека 13 општини доставувале информации за достапноста на социјални услуги за ранливите групи. Во периодот на истражувањето, само 6 општини сè уште ги немале опремено општинските јавни услуги со заштитни средства (ракавици, штитници за лице и маски и др.), додека 8 општини делеле маски и ракавици за граѓаните во супермаркети и на јавни места (Графикон 2).

Понатаму, испитаниците/чките споделија дополнителни информации за интервенциите преземени за справување со КОВИД-19, како што се:

- Користење на различни програми од меѓународни донатори за обезбедување поддршка на возрасни лица и лица со попреченост;
- Предавање на три службени возила на Министерството за внатрешни работи и реализација на состанок преку интернет на Советот на општината;
- Обезбедување на простор за изградба на теренска болница во задниот двор на Клиничкиот центар;
- Назначено место за дезинфекција на влезот во општината;
- Дезинфекција на станбени згради;
- Дезинфекција на улиците;
- Дистрибуција на маски за граѓаните кои работат на пазарите во општината;
- Донација на средства на Црвениот крст за дистрибуција на храна/хигиенски производи.

**Графикон 2**



Второто прашање кое се разгледува во студијата е перцепцијата на координаторите/ките за вклученоста на родовата перспектива во интервенциите на општината за справување со КОВИД-19. 14 испитаници/чки сметаат дека мерките преземени од страна на општините ги земаат предвид потребите на жените, додека перцепцијата на 6 координатори/ки е дека специфичните потреби на жените не се вклучени во мерките (Графикон 3).

За да се утврдат видовите интервенции кои ги земаат предвид потребите на жените, од испитаниците/чките кои одговорија ДА беше побарано да го образложат видот на мерките. Следниве мерки беа воведени за решавање на специфичните потреби на жените:

- Мобилни тимови за домашни посети и помош на возрасни лица, лица со попреченост и информации за достапноста на социјални услуги за ранливите групи;
- Донација на медицински маски и други заштитни средства за медицинскиот персонал од кој најголемиот број се жени;
- Логистичка и психолошка поддршка за културните работници од кои најголемиот број се жени (на пример, оперски пејачи, балетски уметници и слично);
- Парична помош за самохрани мајки;
- Помош при обезбедување намирници за возрасни лица, вклучително и жени.
- Дезинфекција на автобуските станици каде текстилните работнички чекаат автобуси за превоз до работните места.

Интересно е да се забележи дека координаторите/ките за еднакви можности, две од мерките донесени на национално ниво ги препознаваат како родово специфични: продолжување на породилното отсуство и ослободување од работа за еден родител на деца до **10 години**. Оттука, координаторите/ките исто така истакнаа и дека овие мерки, како резултат на доминантните родови улоги, придонесоа повеќе жени отколку мажи да останат дома со своите деца.

**Графикон 3**




## Буџет за одговор на вонредната состојба предизвикана од КОВИД -19

Од вкупно 20 општини, 17 издвоиле посебен буџет за одговор на вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19. Општините главно користат средства од следниве буџетски линии: тековни резерви, буџетски линии од годишните програми, социјални трансфери, други комунални услуги, средства за општинската администрација, средства за хигиена и дезинфекција.

Прераспределените средства од општинските буџети во најголем дел биле потрошени на следново: дезинфекција на јавни места, донирање на маски и ракавици на локалните болници, парична помош на семејства, давање на социјални услуги, подигнување на свеста за КОВИД-19, информации за достапност на социјални услуги, донации за ранливите заедници. Исто така, може да се забележи дека во некои општини се прераспределени средства за поддршка на возрасни лица и лица со попреченост (Графикон 4).

**Графикон 4**




## Улогата на координаторите/ките за еднакви можности во подготовката на мерките за справување со КОВИД-19

Во поголемиот дел од општините, координаторите/ките не биле консултирани во процесот на осмислување на интервенциите на општината за справување со КОВИД-19. Само 5 КЕМ дале свое мислење и нивните препораки биле целосно земени предвид при осмислувањето на интервенциите (Графикон бр. 5).

КЕМ ги дадоа следниве примери за нивниот придонес во осмислувањето на родово одговорни интервенции:

- При дистрибуција на пакети со храна и хигиенски производи, предност треба да се даде на самохраните родители и жртвите на семејно насилство;
- При ангажирање на лица за привремена работа за време на кризата треба да се има предвид родовата застапеност;
- Поддршка на социјално загрозените лица и другите категории граѓани што се опфатени со програмата за социјална заштита;

- Логистичка и психолошка поддршка на возрасни уметници (организирање на концерти во населбите каде што можат да настапуваат);
- Одговор на зголемените потреби на невработените самохрани мајки и обезбедување пакети со храна;
- Поддршка за социјално ранливите категории на граѓани, со посебен фокус на жените, како на пр. поддршка на жртвите на семејно насилство.

**Графикон 5**



# ПОГЛАВЈЕ 3 - КАКО КОВИД-19 ВЛИЈАЕ ВРЗ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

Според Документот за јавни политики: Влијанието на КОВИД-19 врз жените[15], најновите докази за влијанието на КОВИД-19 укажуваат дека економскиот и продуктивниот живот на жените ќе бидат погодени несразмерно и различно од оние на мажите. Во целиот свет, родовиот јаз во платите останува ист, жените заработуваат помалку, заштедуваат помалку, имаат помалку сигурни работни места, имаат поголема веројатност да работат во неформалниот сектор. Тие имаат и помал пристап до социјална заштита и се мнозинство помеѓу еднородителските домаќинства.

## Влијанието на КОВИД-19 врз социо-економскиот статус на жените и мажите - од перспектива на локалните механизми за родова еднаквост

Пандемијата ќе има значително влијание врз социо-економската состојба на локално ниво. Анализата покажува дека мнозинството од испитаниците/чките имаат ист став во однос на социо-економското влијание врз жените и мажите во нивните општини. Така, 22 сметаат дека пандемијата ќе има големо влијание додека 4 испитаници/чки сметаат дека ќе има средно влијание врз социо-економската состојба на граѓаните (Графикон бр. 6).

[15] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), *Влијанието на КОВИД-19 врз жените*, април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

**Графикон 6**




Во однос на тоа дали пандемијата на КОВИД-19 различно влијае на жените и мажите, скоро половина од испитаниците/чките сметаат дека пандемијата влијае повеќе на жените отколку на мажите (Графикон 7).

**Графикон 7**



Мислењето на испитаниците/чките ги одразува главните статистички наоди во сите земји погодени од КОВИД-19[16] (жените се повеќе погодени од КОВИД-19 од мажите). Важно е да се истакне, дека податоците разделени по пол за резултатите од КОВИД-19 собрани во целиот свет, покажуваат еднаков број на случаи на мажи и жени, но постојат разлики во смртноста и ранливоста на болеста. Покрај тоа, жените се изложени на поголем ризик од мажите бидејќи поголемиот дел од здравствените работници се жени и се очекува епидемијата да има поголеми секундарни влијанија врз девојчињата и жените, особено најисклучените (социо-економски последици, родово базирано насилство и т.н.).[17] Во време на пандемијата, ограничувањето на движењето/полицискиот час на глобално ниво исто така ја ограничи слободата и автономијата на девојчињата. Анализа понатаму ја елаборира состојбата во Северна Македонија и може да се смета за основно испитување на состојбата на локално ниво кое дава насоки за можно сценарио на влијанијата на КОВИД-19 врз жените. Според тоа, сите засегнати страни на национално и локално ниво треба да разберат колку е важно да се прибираат податоци разделени по пол за тековните активности и мерки за поддршка, како и да се вклучи родовата анализа во плановите за подготвеност и одговор.

Несомнено е дека пандемијата има негативно влијание на сите сектори во нашата земја. Перцепциите на испитаниците/чките се дека спортистите и самовработените мажи и жени се со најголем економски ризик поради појавата на КОВИД-19. Наспрема ова, испитаниците/чките сметаат дека жените се изложени на поголем економски ризик од мажите, главно, како вработени во јавниот сектор, вработени во приватниот сектор и како мали земјоделски производители (Графикон 8). Според податоците од Годишниот извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор за 2019 година, 55% од вработените во јавниот сектор се жени, а 45% се мажи.[18]

Координаторите/ките и светниците/чките сметаат дека мажите имаат поголем економски ризик од жените како сопственици на мали и средни претпријатија и невработени лица (Графикон 8). Според последната Ан-

[16] UN Women, КОВИД-19: *Податоци за случаи поделени по пол (привремена анализа),* мај 2020

[17] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), *Влијанието на КОВИД-19 врз жените,* април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

[18] Министерство за информатичко општество и администрација (веб-страница), *Годишен извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор 2019,* March 2020, https://cutt.ly/fy1fDTK

кета на работната сила[19], мажите се позастапени кај активното население и затоа процентот на мажи регистрирани како невработени лица или како сопственици на претпријатија е поголем од процентот на жените. Ова укажува дека мажите се поактивни учесници во економијата и затоа може да се очекува дека кризата ќе има поголемо влијание врз мажите од овие категории. Токму затоа испитаниците/чките очекуваат дека овие фактори ќе имаат поголемо влијание на мажите. Општо, сите испитаници/чки забележуваат дека големи негативни економски влијанија ќе почувствуваат сопствениците на мали и средни претпријатија и самовработените лица.

**Графикон 8**




[19] Државен завод за статистика на Северна Македонија (веб-страница), Жените и мажите во Северна Македонија, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Gender2019.pdf

Туризмот и угостителството е сектор со најголем економски ризик како резултат на појавата на КОВИД-19. Вториот сектор со многу висок ризик е секторот на самовработените лица, а веднаш зад нив се сопствениците на мали и средни претпријатија. Производствениот сектор исто така има голем економски ризик, а во овој сектор, жените се повторно побројни од мажите. Вработените во приватниот сектор, воопшто, искусуваат поголеми негативни ефекти од оваа пандемија. Овде мора да се спомене текстилната индустрија, а повторно во оваа индустрија најголем дел од вработените се жени. Заклучокот е дека оние сектори и дејности во кои жените се позастапени од мажите се најмногу погодени од КОВИД-19. ИТ, телекомуникацискиот и енергетскиот сектор се секторите со најнизок економски ризик како резултат на појавата на КОВИД-19 (Графикон 9).

**Графикон 9**



## Влијанието на вирусот врз ранливите групи од перспектива на локалните механизми за родова еднаквост

Општ впечаток е дека степенот на социјален ризик е сличен за сите ранливи категории во однос на родот. Резултатите покажуваат дека самохраните мајки и жртвите на семејно насилство се изложени на најголем социјален ризик за време на кризата, а ова е особено забележливо кај жените. Од друга страна, најголемиот социјален ризик за мажите е забележан кај лицата со попреченост и бездомните лица (Графикон 10).

Поради затворањето на училиштата и градинките многу самохрани родители (претежно жени) со деца под 10 години беа принудени да останат дома и повеќе да се занимаваат со неплатена грижа. Оваа мерка, во комбинација со фактот дека жените се претежно вработени во најпогодените индустрии, може да предизвика несигурност на работното место и зголемена финансиска неизвесност за жените. Дополнителен предизвик за самохраните мајки кои можат да работат од дома е борбата за балансирање на професионалните обврски со домашните работи и обврските околу грижата за децата.

Од појавата на КОВИД-19, многу земји сведочат за зголемување на сексуалното и родово базираното насилство (Велика Британија, Бразил, Германија, Италија, Шпанија и Соединетите Држави). За илустрација, во Велика Британија[20] инцидентите поврзани со семејно насилство се зголемија за 120%. Мерките за изолација создаваат поволно опкружување за сторителите, додека поради ограничувањето на движењето/полицискиот час жртвите имаат помал пристап до потребните услуги. Употребата на социјалните медиуми за подигање на свеста и поддршка на жртвите е една можна активност во борбата против сексуалното и родово базираното насилство. Истата тенденција може да се забележи и во нашата земја. Бројките покажуваат дека има зголемување на семејното насилство ако се спореди овој период од годината (јануари-март) во 2019 и во 2020 година. Во 2019 година имало 780 пријави за семејно насилство регистрирани од Министерството за внатрешни работи, споредено со 920[21] вакви инциденти регистрирани оваа година.

[20] КОВИД-19 и порастот на родово базираното насилство, IPPF, https://bit.ly/3fslpNr

[21] Напис на meta.mk (веб-страница), *Зголемен бројот на случаи на семејно насилство за време на карантинот,* април 2020, https://cutt.ly/Qy1JErJ

Повозрасните луѓе се особено изложени на ризик од инфекција со КОВИД-19, особено лицата со хронични здравствени состојби кои веројатно ќе бидат помалку способни да се грижат за себеси во изолација. Иако одржувањето на социјално растојание е неопходно за да се намали ширењето на болеста, ваквите мерки доколку не се спроведуваат правилно може да доведат до зголемена социјална изолација на повозрасните лица во време кога може да имаат критична потреба од поддршка.

Лицата со попреченост се соочуваат со двојни предизвици во пристапот до здравствени услуги, поради недостапноста, непристапноста и неможноста финансиски да си ги дозволат ваквите услуги. Покрај тоа, ограничувањата на движењето и изолацијата можат потенцијално уште повеќе да влијаат на нивната подвижност заради недостаток на лична помош дури и во нивните домови.

**Графикон 10**




## Мерки за справување со КОВИД-19 и нивното влијание врз жените и мажите

Анализата покажува дека за жените сите наведени мерки, освен затворањето на ресторанite и кафулињата, имаат голем степен на влијание, додека за мажите најголем степен на влијание се забележува од затворањето на спортските центри, полицискиот час, и затворањето на ресторанite и кафулињата (Графикон 11).

Во просек, испитаниците/чките го делат ставот дека сите мерки имаат подеднаков висок степен на влијание врз жените и мажите. Сепак, влијанијата од затворањето на училиштата и градинките, како и работата од дома, имаат тенденција на благо наклонување кон жените бидејќи товарот на неплатена грижа паѓа главно на жените со оглед на тоа што обично тие се оние кои остануваат дома со децата под 10 години, како што е потврдено со наодите од прашањето подолу.

**Графикон 11**




Количината на неплатена работа за грижа се зголеми за жените и постои значителна разлика во количината на време кое жените и мажите го поминуваат во следниве активности:

- готвење и служење на оброци
- чистење
- уредување, поправки и одржување на домаќинството
- набавка на намирници за семејството
- грижа за деца
- нега на возрасни лица, и
- платена работа

Може да се заклучи дека, за жените, времето поминато во готвење и служење на оброци, чистење, грижа за деца и нега на возрасни лица, се зголемило, додека кај мажите има зголемување на времето поминато во набавка на намирници за семејството и нега на возрасни лица. Покрај тоа, и за мажите и за жените, времето поминато на уредување, поправки и одржување на домаќинството остана на исто ниво како и пред КОВИД-19 (Графикон 12).

**Графикон 12**

Колку, како резултат на КОВИД-19 се промени времето посветено на следните активности, посебно за мажи и жени?




Очигледно, според перцепциите на координаторите/ките за еднакви можности зголеменото присуство на мажите дома не доведе до нивно преземање на поголем удел во неплатената работа. Ограничувањето на движењето претставуваше единствена можност за прераспределување и споделување на товарот на неплатената домашна работа и грижа. Општината може да има улога во промовирањето на еднаквиот удел во неплатената грижа, бидејќи голем дел од работата во монетарната економија сега ја презема економијата за неплатена грижа.

## Информирање на граѓаните за КОВИД-19

Локалните власти ја имаат главната одговорност за заштита на здравјето и безбедноста на своите жители. Членовите на заедницата се потпираат на локалните власти за добивање на навремени и точни информации за локалната подготвеност и справувањето со кризата. Мапирањето дава преглед на комуникациските канали што целните општини ги користат за информирање за КОВИД-19 (Графикон 13). Тие ги вклучуваат интернетот и социјалните медиуми како најчесто користени од страна на општините за соопштување на информации за пандемијата. Општините исто така ги користат своите официјални веб-страници, соопштенија за јавни услуги, како и невладините/граѓанските организации како канали за обезбедување информации. Локалните радио/телевизиски станици исто така играат важна улога како алатки за комуникација што ги користат општините. Покрај тоа, тие користат различни алатки и методи, како што се општинските кризни центри, за да осигурат дека заедниците се добро опремени за да се справат со тековната појава на болеста предизвикана од коронавирусот (КОВИД-19).

Конечно, важно е да се осигури дека основните информации за КОВИД-19 се подеднакво достапни и пристапни за сите граѓани.

**Графикон 13**

**Кои комуникациски канали ги користи вашата општина за да ги информира граѓаните/ките во врска со КОВИД-19?**



Перцепцијата на координаторите/ките и советниците/чките е дека лицата со попреченост, лицата кои живеат во рурални средини, бездомните лица, Ромите и/или претставниците на други етнички малцинства ги имаат основните информации за КОВИД-19, при што нема разлика меѓу жените и мажите. Општо, испитаниците/чките го делат мислењето дека повеќето од категориите на граѓани се добро информирани за КОВИД-19. Ниту на една од категориите наведени подолу не ѝ недостасуваат информации за КОВИД-19 (Графикон 14).

**Графикон 14**



# ПОГЛАВЈЕ 4 - КОИ СЕ ИДНИТЕ ПОТРЕБИ НА МОЈАТА ОПШТИНА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19

КОВИД-19 ќе има силно влијание на глобално ниво. Пазарите и синџирите на снабдување веќе се нарушени, деловните субјекти се приморани да затворат или да ги намалат своите операции, а милиони луѓе веќе ги загубија или ќе ги загубат своите работни места и егзистенцијата.[22] Меѓународната организација на трудот (МОТ) проценува дека во моментов со мерките за целосно или делумно ограничување на движењето/полициски час се засегнати скоро 2,7 милијарди работници, што претставува околу 81% од светската работна сила, додека ММФ проектира значително намалување на глобалното производство во 2020 година[23]. КОВИД-19 ја турка светската економија кон глобална рецесија, која ќе биде очигледно различна од минатите рецесии. На национално ниво, прогнозата за стапката на раст за 2020 година е помеѓу 1,4 и 3,2 проценти, според најновиот Редовен економски извештај на Светската банка - во кој се користи основно сценарио и неповолно сценарио во услови на висока неизвесност предизвикана од пандемијата.[24]

Во овој контекст, мислењата на испитаниците/чките за можните последици од КОВИД-19 за социо-економската состојба во општините, во голема мерка се во согласност со реалноста. Со право се очекува дека невработеноста ќе се зголеми, и како резултат, ќе се зголемат и барањата за заеми и кредити, како начин граѓаните да го ублажат овој проблем што следствено ќе доведе до намалување на приходите на општината и со тоа и до намалување на општинските буџети и буџетски кратења што може да влијае на програмите за еднакви можности (Графикон 15).

[22] Обединети нации (веб-страница), *Заедничка одговорност, глобална солидарност: одговор на социо-економските влијанија на КОВИД-19*, март 2020 година, https://cutt.ly/vy1HXVT

[23] Меѓународен монетарен фонд (веб-страница), *Ран преглед на економското влијание на пандемијата во 5 графикони,* април 2020 година, *https://cutt.ly/wy1HAZZ*

[24] Северна Македонија влегува во рецесија додека земјата се бори со КОВИД-19, соопштение за печатот, Светска банка, https://bit.ly/3hox9IQ

**Графикон 15**




Најважните прашања кои предизвикуваат загриженост кај испитаниците/чките во однос на кризата предизвикана од КОВИД-19 може да се групираат во три области: економија, здравство и социјална заштита, вклучувајќи го и квалитетот на животот.

Економските прашања се поврзани со стравот на испитаниците/чките од слабеењето на националната и локалната економија што би довело до зголемување на бројот на невработени, намалување на платите и затворање на мали и средни претпријатија. Доколку се случи ова, многу семејства ќе останат без основна егзистенција, со што ќе се зголеми нивото на сиромаштија, што пак ќе доведе до севкупно намалување на општиот животен стандард.

Во областа на здравството, испитаниците/чките најмногу се плашат од можното зголемување на бројот на заразени граѓани, но исто така и се загрижени за тоа колку граѓаните ги почитуваат наложените владини мерки за заштита. Здравствените ризици за одредени категории граѓани,

како што се старите лица, хронично болните, лицата со попреченост, исто така, се смета дека се зголемуваат. Понатаму, испитаниците/чките се загрижени дека ваквата состојба ќе придонесе за општо слабеење на здравствениот систем во нашата земја.

Психолошкото влијание на кризата и нејзиното влијание врз квалитетот на животот се сметаат за загрижувачки. Испитаниците/чките се загрижени за времетраењето на кризата, можното оддалечување што ова ќе го предизвика кај граѓаните, како и веројатноста за појава на посттрауматски стрес кај граѓаните.

## Потреби на општините за закрепнување по КОВИД-19

За справување со пандемијата на КОВИД-19, општините вклучени во оваа анализа за мапирање ја истакнаа потребата од залихи како нивна најголема потреба поврзана со потребните материјални донации. Речиси подеднакво е рангирана и потребата за финансиска поддршка, односно донации. Во време на криза, кога институционалните капацитети и услуги се ограничени, се очекува појавата на ваков тип на барања, бидејќи непосредниот одговор на општините за ублажување на состојбата е насочен кон обезбедување бесплатни маски, ракавици и пакети со храна/хигиенски средства на граѓаните, особено на најранливите групи. Приходите на општините се намалуваат како резултат на ограничувањето на движењето/полицискиот час и наметнатите превентивни мерки низ целата земја кои најсилно влијаат на локалната економија. Ова пак влијае на потенцијалот на општината за обезбедување финансиска поддршка за ранливите групи, проширување на услугите за социјална поддршка, како и за плаќање на услуги како што е дезинфекцијата на јавни места. Редовната реализација на општинските програми и буџетот е исто така во ризик.

Општините го сметаат финансирањето на кампањи за подигнување на свеста за најмалку неопходна опција, што веројатно може да се објасни со фактот дека главниот товар за подигнување на свеста за состојбата КОВИД-19 паѓа на централната власт (Графикон 16). Ова е во иста линија со заклучокот дека испитаниците/чките го делат мислењето дека повеќето од граѓаните се добро информирани за КОВИД- 19. Ниту на една категорија на граѓани не ѝ недостасуваат информации за КОВИД-19 (Графикон 14).

**Графикон 16**




Приходите на општината се изложени на значителен ризик како резултат на ограничувањето на движењето/полицискиот час поради КОВИД-19 и последователното забавување на економијата. Сепак, се очекува дека локалните власти ќе ги исполнуваат своите обврски утврдени со закон, без оглед на нивните фискални капацитети. Односно, без оглед на исходот од КОВИД-19, општините треба да продолжат да ги исполнуваат своите основни надлежности делегирани од централната власт, како што се, меѓу останатите, водоснабдување и третман на отпадни води, собирање на отпад, противпожарни служби и можности за рекреација. Како општините ќе пристапат кон кризата и кои точно мерки на политики ќе ги преземе општината, ќе зависи од голем број фактори, вклучувајќи го и регионот во кој се наоѓа општината и тоа дали е рурална или урбана општина. Сепак, општините се во единствена позиција да бидат во првата линија на обезбедување услуги за ранливите популации, поединци, деловни субјекти и непрофитниот сектор, како и да ги пополнуваат празнините во одговорот на националната политика.

Во оваа сложена ситуација, владата ќе треба да обезбеди итни трансфери на општините, особено на оние кои имаат ограничени фискални капацитети, а во најдобар случај, би требало да го сторат тоа за сите општини. Испитаниците/чките исто така веруваат дека националната власт треба да обезбеди поддршка на општините за ублажување на локалната економска криза.

Донациите, субвенциите и финансиската поддршка на деловниот сектор и на најранливите категории се најчестите предлози за подобрување на

ситуацијата во однос на економските предизвици на локално ниво кои ги даваат испитаниците/чките. Другите предложени препораки се ослободување од данок за одредени категории граѓани, намалување на одредени локални даноци и одложување на обврските на деловните субјекти кон општината, со цел да им се даде можност да се прилагодат на ситуацијата или пак да се обезбедат субвенции за локалните претпријатија.

Се очекува општините да ги намалат буџетите и да го рационализираат трошењето со прилагодување на трошоците и ставките. Испитаниците/чките предлагаат да се одложат несуштинските проекти, доколку е потребно, и да се откажат проектите без цврста економска оправданост, како и да се избегнуваат нови и/или привремени вработувања. Покрај тоа, општините треба да планираат посебен буџет за вакви околности во форма на резервни фондови. Еден од испитаниците/чките од рурална општина истакна дека на земјоделците може да им се понуди неискористено државно земјиште за обработка.

Честатата дезинфекција на јавните места и станбените згради се смета за главна неопходна здравствена активност.

Здравствената и социјалната поддршка треба претежно да се обезбедуваат во форма на психо-социјална поддршка на различни категории на граѓани, како самохрани родители, жртви на семејно насилство, лица кои останале без работа и други ранливи групи. Може да се направи мапирање на граѓаните кои се изложени на најголем ризик и најпогодени од ситуацијата и треба да се формираат мобилни тимови за да се обезбедат услуги кои одговараат на потребите за категориите во ризик. Во принцип, зголемувањето на пристапот на граѓаните до локалните услуги е многу важно, како и истовременоро осмислување и воведување на нови.

Конечно, испитаниците/чките укажуваат дека општините во иднина треба да подготват планови за подготвеност за вонредни состојби и да бидат подобро опремени за можни претстојни вонредни состојби.

## Целни групи кон кои треба да бидат насочени идните интервенции

Се очекува дека КОВИД-19 ќе предизвика поголема стигма за лицата кои се позитивни на вирусот, зголемување на семејното насилство, што директно ќе ги засегне жените, бидејќи тие претставуваат мнозинство на жртвите на семејно насилство и постои поголема веројатност да бидат

заразени од вирусот, со оглед на нивните доминантни улоги како негувателки во семејствата и како здравствени работнички во првите редови. Се очекува да дојде и до затворање на мали и средни претпријатија, што повеќе влијае на мажите бидејќи претежно тие се сопственици на претпријатија. Најмалку се очекува недостиг на храна. Општо, испитаниците/чките истакнаа дека сите горенаведени последици најверојатно ќе се случат во нивните општини по пандемијата на КОВИД-19.

Поддршката претежно треба да биде насочена кон следниве ранливи групи: самохрани родители, жртви на семејно насилство и бездомни лица. Координаторите/ките ги сметаат младите, лицата со попреченост, лицата кои живеат во руралните и урбаните области, Ромите и/или претставниците на други малцинства и лицата кои живеат со ХИВ за категории за кои е исто така веројатно дека ќе бидат погодени од идните кризи. Испитаниците/чките изјавиле дека најпогодени ќе бидат жртвите на семејно насилство, родители со мали деца и самохрани родители, кои се претежно жени. Во сите други категории, жените и мажите ќе бидат засегнати скоро подеднакво, додека во случајот на семејства со мали деца, се очекува дека жените ќе го сносат товарот на неплатената грижа за децата (Графикон 17).

**Графикон 17**



# ПОГЛАВЈЕ 5 - ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ ПО ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

И покрај тоа што централната власт има водечка улога во справувањето со пандемијата, општините играат важна улога во назначувањето и водењето на локалните координативни тела за подготвеност и одговор на пандемијата, вклучително и во спроведувањето на законите и политиките донесени на централно ниво.

Имајќи предвид дека локалната самоуправа е најблизу до граѓаните, таа може да ја идентификува, приоритизира и да ја насочува распределбата на ресурсите според потребите на локалното население. Локалните самоуправи имаат свои буџети и институционална поставеност за вонредни состојби, преку кои можат да обезбедат дополнителни ресурси за националната подготвеност за пандемијата, развој на капацитети и мерки за справување.

Оваа студија покажа дека повеќето општини (14 од 20 кои учествуваа во истражувањето) имаат подготвено мерки за справување со вирусот кои се родово одговорни. Овие мерки треба дополнително да се промовираат во шесте ЕЛС, кои од гледна точка на КЕМ, сè уште немаат воведено родово одговорни мерки.

Во однос на буџетите на општините, многу општини издвоија посебен буџет за вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19. Најголем дел од средствата од буџетите се трошат за дезинфекција на јавни места и донација на маски и ракавици. Сепак, на сите нив им требаат дополнителни средства за да можат да одговорат на новите потреби што произлегуваат од кризата.

Со оглед на тоа што не сите координатори/ки работат редовно заради различните пристапи што ги имаат општините, но исто така и поради лични и семејни причини, во понатамошните фази на проектот е важно да се процени специфичниот пристап на ЕЛС во однос на нивниот ангажман и влијанието на вклучувањето на родовите аспекти во локалните политики и буџети.

Само во 4 општини, координаторите/ките беа вклучени во подготовката на мерките за справување со КОВИД-19. Оттука, координаторите/ките во општините опфатени со проектот на *UN Women* треба да бидат овластени да даваат мислења и совети за вклучување на родовите аспекти во рамките на мерките за справување со КОВИД-19 и особено во подготов-

ката на политики и буџети во претстојниот период на закрепнување. За да се решат нееднаквостите што произлегуваат од кризата предизвикана од КОВИД-19, важно е да се вклучат родовите аспекти во целокупната политика за справување со кризата. Ова е во интерес на жените и мажите, како и на целата заедница. Жените се најтешко погодени од оваа пандемија, но тие исто така ќе бидат и главната потпора на закрепнувањето во заедниците.[25] Доказите покажуваат дека политиките за одговор на вонредни состојби кои не вклучуваат родова перспектива и за кои не се консултираат жените или пак не ги вклучуваат во донесувањето одлуки, едноставно се помалку ефективни, па дури можат да направат и штета. Според тоа, од суштествена важност е да се вклучи родовата перспектива и да се обезбеди еднаква родова застапеност во сите процеси на планирање и носење одлуки за одговор на КОВИД-19.

Општите заклучоци се дека сите испитаници/чки ја споделуваат својата длабока загриженост во врска со состојбата со КОВИД-19. Треба да се истакне дека перцепцијата е дека повеќето од граѓаните се информирани за состојбата, импликациите и можните проблеми по завршувањето на кризата. Половината од координаторите/ките сметаат дека жените се повеќе погодени од мажите од пандемијата на КОВИД-19, додека останатите веруваат дека не постојат големи разлики врз основа на родот во однос на очекуваните импликации од здравствен, социјален и економски аспект. Потребно е понатамошно подигнување на свеста, развој на капацитети и истражувања на локално ниво за да се покаже дека КОВИД-19 влијае различно врз жените и мажите. Овие опсервации можат да дадат насоки за идната техничка и стручна поддршка на општините и да обезбедат информации за планирање на политиките и буџетите во иднина.

Според мислењето на координаторите/ките, и самовработените жени и самовработените мажи се со најголем економски ризик како резултат на појавата на КОВИД-19, додека јавните службеници се со најмал економски ризик. Жените вработени во приватниот сектор, особено оние кои работат во секторот на туризам и угостителски услуги се со најголем економски ризик поради појавата на КОВИД-19, додека вработените во ИТ, телекомуникацискиот и енергетскиот сектор се со најмал економски ризик во рамки на приватниот сектор. Исто така, се смета дека сопственичките на мали бизниси се изложени на економски ризик заедно со мажите кои поседуваат мали бизниси. Ова е разбирливо бидејќи ваквите бизниси

[25] Документ за политики на Обединетите нации (веб-страница), *Влијанието на КОВИД-19 врз жените*, април 2020 година, https://cutt.ly/Jy1dKO5

не би можеле да преживеат подолг временски период ако компаниите се затворат. Интересно е тоа што се смета дека младите и луѓето кои живеат во рурални средини имаат најмал социјален ризик. Преовладува перцепцијата дека овие категории можат да преживеат секакви кризи благодарение на егзистенцијата обезбедена од земјоделство. Ова не е случај за самохраните родители и бездомните лица кои според координаторите/ките за еднакви можности се изложени на поголем социјален ризик поради појавата на КОВИД-19.

Затворањето на училиштата и градинките и надоместокот на плата за еден од родителите на деца на возраст до 10 години се мерки со најголемо влијание врз жените; заедно овие две мерки придонесоа за зголемување на обемот на неплатената работа поврзана со грижа во домот за жените. Перцепцијата на координатоорите/ките е дека полициskiот час и затворањето на ресторанite и кафулињата се мерки со најголемо влијание врз мажите. Во однос на активностите, за жените се зголеми интензитетот на готвењето и служењето храна, чистењето и негата на возрасни лица поради пандемијата, додека за мажите, активностите кои се интензивираа во периодот од појавата на КОВИД-19 се негата на возрасни лица и набавката на намирници за семејството.

Организациите на граѓанското општество, семејствата, поединците и лидерите на заедници треба да ја одиграат основната улога во ублажувањето на последиците од кризата. Треба да се истражи како да се осигура поголема подготвеност за пандемија на целото општество. Невладините групи треба да се вклучат во напорите за одговор на кризата и треба да се искористат нивната експертиза и способности со цел да се подготви заедницата за закрепнување по пандемијата.

Студијата покажа дека залихите се најголема потреба за општините и дека недостасуваат финансиски средства. Затоа, донациите се добредојдени за време на вонредната состојба. Партнерствата со граѓанското општество и локалните организации кои имаат блиски и директни односи со заедниците често пати се добра основа за подигање на свеста, соопштување на точни информации, сузбивање на лажните вести, обезбедување на потребните услуги и поврзување со локалната власт за време на вонредната ситуација.

За време на пандемија, важно е домаќинствата да имаат пристап до точни информации, храна, вода и лекови. Општините треба да обезбедат непосреден одговор за ублажување на ситуацијата, како што се бесплатни маски, ракавици и пакети со храна/хигиенски производи на граѓаните,

особено на најранливите групи. Како што очекуваат координаторите/ките кои одговорија на прашалникот, појавата на КОВИД-19 ќе има најголемо влијание на самохраните родители и бездомните лица, а повеќето еднородителски семејства во Северна Македонија ги водат жени.

За крај, повеќето од препораките на испитаниците/чките се во согласност со идејата дека општините треба да обезбедат финансиска, здравствена и социјална поддршка на граѓаните и да ги подготват општините за можни вонредни состојби во иднина.

## Препораки

Кризата предизвикана од КОВИД-19 претставува повик за будење за сите нас. Време е за промени. Промени во начинот на кој креираме политики, прераспределуваме средства и управуваме со општините. Мора да се подготви план за закрепнување, кој ќе се заснова на влијанието на кризата и научените лекции. Во овој план треба да се даде приоритет на образованието, здравството и економијата на грижа бидејќи овие сектори се покажаа како најважни, како носечки столб на општеството што се бори со вирусот. План во кој различно ќе се разгледуваат потребите на жените и мажите бидејќи тие се различно засегнати од вирусот и што е поважно, од справувањето со вирусот, и план што конкретно ќе биде насочен кон ранливите групи. Покрај ова, општините мора да ја научат лекцијата од оваа ситуација во однос на подготвеноста за одговор на вонредна состојба. Испитаниците/чките дадоа неколку коментари дека општините мора да најдат начини за предвидување на вонредни состојби и да одвојуваатодржување буџет за тоа, со цел во иднина да бидат подготвени за вакви кризи.

**Континуирано споделување на информации:** Во иднина, општините ќе треба да осмислат систем и материјали за информирање за луѓето да продолжат да ги почитуваат протоколите за физичко растојание и безбедност. Информациите треба да се дистрибуираат и прилагодуваат на потребите на различните целни групи. Медиумите и владата треба да известуваат за лажните вести поврзани со вирусот и затоа од суштинска важност ќе биде општините во партнерство со граѓанските организации и граѓаните да го контролираат наративот на локално ниво. Во однос на комуникацијата, општините треба да инвестираат во употребата на родово сензитивен јазик. Ова се очекува да овозможи жените да се идентификуваат во информациите кои се пренесуваат, а со тоа комуникацијата ќе биде поефективна.

**Поддршка на економијата на грижа:** Она што може да се забележи во кризата предизвикана од КОВИД-19 е дека луѓето се грижат едни за други. Студијата за мапирање покажува дека некои општини почнаа да обезбедуваат безусловен основен приход на ранливите групи како што се самохрани родители, бездомни лица, (културни) хонорарни работници, неформални работници и работници кои се занимаваат со неплатена грижа, кои во моментот се исклучени од традиционалниот систем на социјална заштита. Затоа, многу е важно да се вклучи економијата на неплатена грижа во макроекономската политика и да се пресмета влијанието на специфичните економски политики врз обемот на платена и неплатена работа на жените и мажите.

**Поддршка на рамнотежата помеѓу работата и личниот живот:** Општините мора да обезбедат поддршка за прилагодување на малите бизниси на новите околности, со инвестирање во нивна дигитализација и поддршка на работа на далечина со што ќе се намали патувањето на работа и ќе создадат услови за флексибилно работно време што им овозможува на мажите и жените лесно да ги комбинираат работните и семејните обврски. Општините можат да додадат во своите планови за закрепнување по кризата одредени активности како обезбедување на информации и совети, вклучително и давање на психолошка поддршка за рамнотежа помеѓу работата и личниот живот. Исто така, многу е потребно на општинско ниво да се промовира поголем ангажман на мажите во домот, како и балансирање на товарот на неплатената работа поврзана со грижа.

**Следење на инциденцата на семејно насилство и родово базирано насилство:** Како што известува *UN Women*, доколку не се работи на негово решавање, семејното насилство ќе стане пандемија во сенка која ќе го зголеми економското влијание на КОВИД-19. Мора итно да се справиме со зголемувањето на насилството врз жените преку мерките вградени во економската поддршка и пакетите за стимулација кои одговараат на тежината и обемот на предизвикот и ги одразуваат потребите на жените кои се соочуваат со повеќе форми на дискриминација. Општините мора да обезбедат поддршка за специјализираните сервиси во насока на исполнување на стандардите утврдени со Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулската конвенција, 2011 година).

Студијата за мапирање покажува дека жените максимално ги искористуваат своите капацитети и согоруваат. Затоа, општините треба да им помогнат на жените да излезат од кризата.